**Премиерно прикажана претставата "Антиумешност"**

"Антиумешност", во режија на Саша Нацевски, трета година студент на ФДУ - отсек режија во класата на професор Слободан Унковски, е претставата на ЦК "Марко Цепенков", што премиерно беше прикажана на 14 септември 2012 година . Се работи за урбана претстава работена по текст на австралискиот драматург Алекс Браун.

- ,,Антиумешност,, е преглед на односите меѓу луѓето во новиот милениум, енциклопедија на уметноста на ,,ќарувањето,,. Реплики кои сите ги знаеме и реплики кои посакувате никогаш да не сте ги слушнале...

{vsig}antiumeshnost{/vsig}

На што ли се сведе нашиот свет? Се изгуби ли љубовта? Една обично излегување во градот никогаш повеќе нема да биде исто - вели режисерот Нацевски, кому ова му е втора претстава, по 33 со Младинското драмско студио.

Играат актерите Никола Настоски и Милан Секулоски, студентите на ФДУ - Димитрина Мицкоска, Илија Волчески и Ирена Мирческа и Дарко Карбески, младинец од МДС.

Центарот претставата ја реализираше со сопствени средства.